*Зорица САЛТИРОВСКА*
**УДК: 325.54-022.326.5-055.2(4)**
Прегледен труд

# РОДОВАТА ДИМЕНЗИЈА НА БЕГАЛСКАТА КРИЗА ВО ЕВРОПА

## *Кратка содржина*

*Од почетокот на 2015 година, Европа се соочи со бегалска криза во која илјадници луѓе ги ризикуваа своите животи за да стасаат во Европа. Европските политичари и медиуми го означија ова како нов проблем со кој се соочува ЕУ, не поради тоа што кризата беше комплетно нов феномен, туку поради енормно зголемениот прилив на бегалци од конфликтните региони, пред сè од Сирија, Авганистан, Еритреја и Сомалија. Само во 2015 година повеќе од еден милион бегалци побараа азил во Западна Европа. Најголемиот дел од нив транзитираа од Турција, преку Грција и државите од Западен Балкан за да стасаат до крајните дестинации на север. Опасностите со кои се соочувале на својот пат се прикажани во многу извештаи на Меѓународната организација за миграција, Советот за безбедност на ОН и други организации и тела вклучени во целата криза. Сепак, многу малку внимание е посветено на родовата димензија на кризата и искуствата на жените-бегалци во неа. Овој труд ги третира токму искуствата на жените во оваа бегалска криза, проблемите со кои се соочувале, третманот кон нив и напорите што се направени за да им се помогне во заштитата на нивните човечки права, но и во достапноста на услугите поврзани со нивните специфични потреби.*

***Клучни зборови:*** *БЕГАЛСКА КРИЗА, РОД, НАСИЛСТВО, СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО, ЕУ, ПОЛИТИКИ*

## Вовед

Кулминацијата на бегалската криза на Медитеранот е резултат на зголемените рестрикции на легални канали преку кои мигрантите би стигнале до европските граници, од една страна, и зголемувањето на интензитетот на конфликтите во одредени региони на Средна Азија и во Африка, од друга страна. Притоа, милиони луѓе ги напуштија своите држави барајќи спас во побезбедни региони за нив, а најмногу во европските држави. Меѓу бегалците беа и огромен број жени и девојки кои, бегајќи од конфликтите, насилството и прогонот од нивните домови, бараа побезбедни места за нив и за нивните деца. Колку и да е тешко да се признае, полот и родот се силно поврзани со небезбедноста во сите миграции, а особено во вакви бегалски кризи. Јачината на поврзаноста

зависи од многу фактори, а најмногу од социјалната и економската положба која жените ја имаат во својата држава и од односите помеѓу половите. Полот и родот влијаат и ја оформуваат секоја фаза од миграцискиот процес, вклучувајќи ги тука и ризиците, ранливоста, потребите, располагањето со можности и ресурси и слично. Според тоа, полот и родот влијаат и на човековите искуства во една ваква бегалска криза, а разбирањето на тоа влијание е клучно во адресирањето на родово специфичната заштита и помош, спречувањето и одговорот на новите форми на родово базирано насилство и градењето родово специфични капацитети за одговор на кризата настаната поради масовните бегалски бранови.

## 1. Полова процена на бегалската криза во Европа

И покрај тоа што бегалската криза која се одвиваше на Медитеранот ја разбранува светската и особено европската јавност дури во 2015 година, евидентен е растечкиот број на мигранти кои и во претходните неколку години се обидувале преку Медитеранот да стасаат до Европа. Според проценките на УНХЦР, во 2011 година, само од Сирија 8.500 луѓе побарале азил во европските држави, во 2013 година нивниот број се зголемил 6 пати, а во 2014 година повеќе од 6 милиони луѓе ја напуштиле Сирија бегајќи и концентрирајки се во Јордан, Либан, Египет, Турција и Ирак (УНХЦР, 2016). Помеѓу март 2011 година и декември 2013 година државите на ЕУ примиле 69.740 апликации за азил од сириски граѓани, од кои 41.695 апликации биле одобрени. Но, оваа бројка е само 2,9 % од вкупната сириска бегалска популација во тој период. Преку шверцерските рути, само до Грција или до Италија стигнале огромен број Сиријци, така што процентуално изразен во однос на вкупниот број бегалци во тој период пораснал од 14,7 % во 2011 година до 44,7 % во 2013 година (Fargues, 2014, 3). Тоа значи крајна несигурност за голем дел од мигрантите, а особено за жените и за децата. Иако нема податоци за половиот сооднос на мигрантите, може да се претпостави дека тој е избалансиран бидејќи Европската канцеларија за азил во својот извештај за овој период истакнува дека голем дел од мигрантите се со своите семејства.

Кон крајот на 2014 година, бројот на мигранти кон европските граници драстично се зголемил, главно, поради конфликтите во Авганистан, Сомалија и Еритреја. Во првите осум месеци на 2015 година, Медитеранот го поминале 381.412 мигранти, од кои 50 % биле од Сирија (UNHCR, 2016), а 2.366 мигранти умреле обидувајќи се да го поминат (IOM 2015). Европскиот совет одржал посебна средба за кризата со мигрантите на Медитеранот на која е согледана сериозноста на ситуацијата и се ветени мерки за зајакнување на европското присуство во тој морски

регион, борба против шверцерите на луѓе преку илегални премини и зајакнување на меѓународната солидарност и одговорност. Тоа значи дека Европа веќе признава дека се соочува со криза поврзана со мигрантите на Медитеранот од кои најголемиот дел се бегалци од конфликтните региони (за разлика од претходниот период кога според официјалната статистика доминирале економските мигранти) поради што станува збор за бегалска криза. Потврда за тоа е и изјавата на Меѓународниот институт за стратегиски истражувања во мај 2016 година дека бројот на мигранти кои бегаат поради вооружените конфликти во нивните земји (главно од Средниот Исток и од Африка) се зголемил за 40 % во однос на нивниот број во 2013 година. Мигрантската рута преку Грција ја користеле, главно, бегалци од Сирија, Авганистан и Ирак, а по затворањето на северната граница помеѓу Турција и Грција се зголемил бројот на бегалци кои пристигнувале преку морскиот пат од Турција. Според статистиката на УНХЦР, од јуни до декември 2015 година во Грција влегле 856.723 бегалци, а во јануари 2016 година 67.415 бегалци. Во истиот период, преку мигрантската рута до италијанските граници пристигнале 153.842 лица, односно 5.237 во јануари 2016 година.

Половата статистика покажува пораст на бројот на жени-бегалци, и тоа: од јуни 2015 година кога биле 13 % од вкупниот број бегалци, до јануари 2016 година кога процентуалното учество на жените се зголемило на 20% (UNHCR, 2016). Претставниците на MSF (Medecins Sans Frontieres) во Атина истакнале дека нема точна полова статистика за бегалците кои пристигнуваат во Грција, но дека бројот на жени постојано расте и кај новопристигнатите процентуалната застапеност на жените изнесува 20-30 % .

Во почетокот на 2016 година, бројот на жени кои мигрираат во Европа од конфликтните региони драстично се зголемил. Во февруари 2016 година, Агенцијата за бегалци на ОН излезе со полова статистика за бегалците според која прв пат од почетокот на бегалската криза бројот на жени и деца го надминува бројот на мажи (54 %), а според Советот на Европа 60 % од бегалците кои пристигнале во Европа во март 2016 година се жени и деца. Слична е проценката и на Европскиот парламент и Комитетот за правата на жените и родова еднаквост, кои во Предлог-резолуцијата за ситуацијата на жените-бегалци и баратели на азил во ЕУ (2015/2325 (INI)) истакнуваат дека од јануари до ноември 2015 година околу 900.000 лица преку Медитеранот стасале до европските граници, од кои 38 % се жени и деца, а во јануари 2016 година нивниот број се зголемил на 55 %. Студијата на Меѓународната организација за миграција покажа дека процентот на жени и девојчиња во вкупниот број бегалци во оваа бегалска криза зависи од регионот од кој доаѓаат и од јачината на конфликтот во тој регион, но, секако е изедначен со процентот на мажите (C/106/INF/8/Rev.1).

## 2. Искуствата на жените во бегалската криза во Европа

Родот е форма на социјален идентитет кој често претставува основа за дискриминација опасна за безбедноста и животот. Родовата нееднаквост ја зголемува небезбедноста на жените, бидејќи тие немаат моќ да одговорат со сила и ефикасно да ги спречат вознемирувањето и насилството, како и да се справат со ситуациите што тие ги предизвикуваат. Небезбедноста на жените уште повеќе се зголемува или помрачува во услови на воени конфликти поради сѐ поголемото систематско гаѓање на цивили во последниот век, но и поради последиците со кои се соочуваат жените кои ќе одлучат да ги напуштат своите домови или држави и да побараат спас во некоја друга побезбедна држава за нив. Бегалскиот статус е типично родово искуство, бидејќи дури 80 % од вкупната бегалска популација во светот се жени и деца (Yuval-Davis, 1997, 168). Без оглед на тоа дали сѐ уште се во бегство по одредена бегалска рута, во некој бегалски камп или во некоја урбана средина, жените-бегалци се во постојан ризик од родово базирано насилство, киднапирање, експлоатација, сиромаштија и болест. Во бегалските кампови во кои престојуваат немаат поддршка и финансиска помош, освен милосрдието на меѓународните организации за помош. За жал, тие се соочуваат со сексуално насилство и експлоатација дури и од страна на нивните заштитници – чуварите на мирот и хуманитарните работници кои понекогаш со нив го снабдуваат пазарот за бели робја или сексуално ги експлоатираат поради направена услуга.

Бегалската криза која се одвиваше на Медитеранот покажа дека ништо не е променето во однос на искуствата на жените-бегалци на својот пат до крајните дестинации, бидејќи полот и родот беа присутни и имаа влијание во сите етапи на мигрирањето. Цената на слободата многу жени ја платија со претрпено насилство на мигрантските рути по кои стигнуваа до европските граници. На својот долг пат тие многу ретко имаа пристап до чист и безбеден приватен простор за лична хигиена и одмор, како и недостаток на информации за рутите и местата каде што би добиле одредени услуги. Истражувањето што го направи Мери Ханибол (Mary Honeyball), британска новинарка за Европскиот парламент и репортерка за Комитетот за правата на жените и родова еднаквост покажа дека жените многу често своето патување, пасошот и другите услуги морале да ги платат со секс, што генерално било страшно искуство за нив. Покрај тоа, биле подложени на насилство од страна на шверцерите на луѓе, локалните власти, сопатниците и соработниците на трговците со луѓе. За жените кои патувале сами и со своите деца опасноста доаѓала дури и од полицијата и од војската на границите што ги поминувале, особено на турските граници (Freedman, 2016). Сепак, најголемата опасност со која можеле да се соочат била опасноста за нивните

животи. Ако некогаш смртта на мигранти на море била трагедија, во оваа бегалска криза беше речиси секојдневна и нормална и резултат на агресивното менаџирање на границите од страна на европските институции и машкото насилство врз жените за време на патувањето во Европа и надвор од неа. Само во јануари 2016 година, на Медитеранот загинале повеќе од 360 лица од кои една третина биле жени и деца. Според Извештајот на ОН за бегалската криза, во обидот да преминат преку Медитеранот од Либија, во текот на 2016 година животите ги загубиле 4.579 лица од кои најголемиот број биле жени и деца. Во ноември 2017 година, над 26 девојки од Западна Африка, на возраст од 14 до 18 години, биле пронајдени мртви во Средоземното Море. Ова се само некои од податоците што покажуваат колку жените ги ризикувале своите животи до европските граници иако нема точна статистика за бројот на жртви во текот на бегалската криза, особено не за бројот на жени-бегалци.

Животот во неизвесност за жените-бегалци продолжува и во бегалските кампови и во другите привремени локации во кои се сместуваат и чекајќи да добијат дозволи да го продолжат патот низ европските држави до крајните дестинации, живеат во екстремно тешки услови. Недоволната основна здравствена и психосоцијална помош, заедничкото сместување со непознати мажи без услови за лична хигиена, приватност и одмор, недостатокот од основни услуги (храна, облека, струја, душеци, вода и слично), се само некои од проблемите со кои секојдневно се соочувале незаштитените жени. Во такви услови е логично зголемувањето на нивната небезбедност и стравот од насилство. Многу жени се соочувале со двојна несигурност, бидејќи и нивните партнери не ги заштитувале, туку ги малтретирале, па не охрабрувајќи се да ги напуштат и да го продолжат патот сами, тие се чувствувале заглавени во безизлезната ситуација. Недостатокот на соодветни и задоволителни услови за прием и сместување на бегалците резултира со зголемено насилство, вклучувајќи го и сексуалното насилство кон жените-бегалци, што сериозно ја намалува нивната физичка безбедност. Согласно со Извештајот на УНИЦЕФ од февруари 2017 година, дури 75 % од анкетираните жени и деца-бегалци од Северна Африка изјавиле дека се соочиле со насилство за време на нивното патување до Европа, а 50 % дека биле жртви на сексуално насилство и тоа во повеќе наврати. Амнести интернешенел во март 2016 година излезе со објава за голем број случаи на сексуално насилство врз сириските жени-бегалци во Либан, а УНХЦР утврди голем број пријавени случаи на сексуално насилство врз жените и девојчињата-бегалци од Медитеранската рута, извршени дури и од стражарите во центрите за бегалци и во транзитните центри во кои биле пријавени, вклучително и во европските држави. УНХЦР изрази загриженост и поради недостатокот на свест кај властите и кај хуманитарните актери за ваквата ситуација, недостатокот на податоци за овие злосторства и

неподготвеност на жртвите да проговорат за нив. Сексуалното насилство врз жените резултира со големи физички, психички, културни и други последици, но најсериозни долгорочни ризици се бременоста и сексуално преносливите болести кои во отсуство на здравствена и друга заштита може да бидат фатални за нивните животи. Недостатокот од безбедни рути до крајните дестинации во Европа и ранливоста и специфичните потреби на жените и девојчињата-бегалци, секако, се предност и за криминалните мрежи, па киднапирањата, присилната проституција и трговијата со луѓе се редовна појава во сите бегалски кризи, а се евидентирани во голем број и во оваа бегалска криза.

Задржувањето на жените-бегалци, вклучувајќи ги и бремените жени, исто така, е причина за сериозна загриженост во оваа бегалска криза. Бројот на имигрантски затвори во Европа е драстично зголемен, а жените се држат во притвор најчесто со мажи кои не се членови на нивното семејство. Првично предвидените центри за прием и регистрација на бегалците во Грција и во Италија се претворија во центри за притвор со секаков ризик за безбедноста и здравјето на женската бегалска популација. Судот во Стразбур утврдил прекршување на Европската конвенција за човековите права во повеќе случаи поради супстандардните услови на притворање жени-бегалци, вклучувајќи и бремени жени (Commissioner for Human Rights, 2016).

Во постапката за барање азил во европските држави, злоупотребата и дискриминацијата на жените-бегалци продолжува, овој пат од страна на органите за азил. Жените и девојките кои бараат азил имаат специфична потреба од заштита, особено ако се без придружба, бремени, со попреченост или од друга причина се ранлива категорија. Најчесто доаѓаат од режими што се опресивни кон жените, не ги препознаваат како еднакви со мажите, го толерираат насилството врз нив, практикуваат генитална мутилација, како и рани и присилни бракови. Доколку жената е со машка придружба, нејзиниот легален статус зависи од лицето кое ја придружува, без оглед на тоа дали е сопруг, свршеник, брат или татко. Во секој случај, квалитетот и формата на донесување одлуки во процесот на давање азил се различни кај мажите и кај жените. Современите истражувања сугерираат дека најчесто мажот како индивидуа бара меѓународна заштита за жената и децата, што е резултат на родовите бариери во пристапот до заштитата со кои се соочуваат жените-бегалци. Поради традиционално нееднаквата поделба на работна сила во нивните држави, овие жени се најчесто без финансиска и административна независност и без можност самостојно да ја напуштат државата и да бараат азил. Веројатноста жените да имаат доволно докази за да го поткрепат барањето за азил е многу помала, што се должи на нивниот подреден економски, политички и социјален статус во матичната држава. Оние жени кои доживеале траума најчесто не сакаат да

зборуваат за тоа, а многу невладини организации известуваат и за култура на неверување кај оние кои одлучуваат по нивните барања за азил, поради што земаат предвид само ограничени документирани докази. Во недостаток на такви докази, жените се соочуваат со бројни специфични предизвици во процесот на сослушувањето и проверката, па тие доживуваат повеќекратна дискриминација базирана на полот. Тоа, секако, ги става во уште повисок ризик од социјално исклучување и насилство. Барателите на азил во Европа живеат со приходи далеку под линијата на сиромаштија. Ова е особено тешко за бремените жени и новите мајки кои не добиваат никаква финансиска помош. Дури и по одобрување на статусот бегалец, жените се соочуваат со бројни бариери за вработување и социјална помош, вклучувајќи и недостаток на пристап до обезбедување детска нега. За да можат да останат во државите во кои пристигнале, жените најчесто се принудени да прифатат нелегална работа во деградирачки услови. Од друга страна, пак, подемот на ектремно десничарскиот популизам и ектремизмот во Европа ги става жените-бегалци и баратели на азил во понатамошен континуиран ризик од расистичка злоупотреба, дискриминација и насилство (European Parliament, 2015/2325(INI)).

Според процените на UN Women за состојбата на жените-бегалци во бегалската криза во Европа, нивните специфични потреби и ранливоста ретко се земале предвид во рамките на хуманитарното планирање и имплементирање на активностите за заштита и помош на бегалците. Резултатите од спроведеното интервјуирање на 48 организации и ентитети вклучени во хуманитарните активности покажале дека специфичните барања, достоинството и правото на заштита на жените и девојчињата како цели не се реализирани во целост. Планирањето на одговор, услугите и капацитетите за заштита не биле доволни за да ги исполнат нивните специфични барања и потреби. Особено се подвлекува недостатокот од систем за давање насочени услуги, што вклучува и следење на заштитата, превенирање сексуално насилство, психосоцијална поддршка и советување при траума, здравствени и репродуктивни услуги, посебни места за престој на жени, како и локални капацитети за регистрација во транзитните и прифатните центри со податоци за полот и возраста. Како недостаток се потенцира и многу слабата можност жените-бегалци да добијат информации за транзитните рути, камповите, услугите што може да ги добијат, меѓу кои и правните услуги, и други информации што им се неопходни (UN Women - Europe and Central Asia, 2016).

### 3. Новите политики на ЕУ за подобрување на состојбата и правата на жените-бегалци

Имајќи ја предвид родовата димензија на бегалската криза во Европа и бројните извештаи за специфичната положба и потребите на

жените-бегалци и баратели на азил (вклучувајќи го и Извештајот на Комитетот за правата на жените и родова еднаквост – А8 - 0024/2016), Европскиот парламент изготви Извештај за ситуацијата на жените-бегалци и баратели на азил во ЕУ (2015/2325(INI)), фокусирајќи се на предлози за подобрен третман на жените-бегалци во сите етапи на кризата.

Прв чекор во зголемувањето на безбедноста на жените-бегалци е овозможувањето поголема достапност на безбедни и легални бегалски и азилантски рути, со цел да се спречат активностите на шверцерските мрежи и со тоа да се намали бројот на смртни случаи, притисоците и прекршувањата на човековите права, вклучувајќи ги и сексуалните услуги како платежно средство за ризичниот пат до европските граници. Втор чекор во зголемувањето на безбедноста на жените-бегалци е давањето родова димензија на бегалскиот статус, а тоа вклучува: пошироки реформи на миграциските политики и политиките за азил на ЕУ; развивање програми за развој на процедурите за азил, чувствителни на потребите на жените; родово базираното насилство и дискриминација да биде валидна причина за барање азил во ЕУ; идентификување и комуницирање со ранливите категории жени кои бараат азил и спречување секаков вид насилство врз нив; усогласување на процедурите за азил на државите- членки на ЕУ со Упатството на УНХЦР за меѓународна заштита; ревизија на финансирањето и адаптирање на програмите Daphne и Odysseus за одредени ситуации што ќе помогнат во заштитата на жените-бегалци; да се избегнуваат избрзани одлуки во процесот на одлучување за давање азил и да се земаат предвид опасностите со кои би се соочиле жените доколку нивните апликации бидат одбиени и тие да бидат принудени да се вратат во државите од кои се дојдени; при оценувањето на тврдењата на жените врз основа на кои бараат азил, да се земаат предвид и културните, социјалните и психолошките профили; достапност на информации за процедурите за азил, правата на жените и специфичните услуги што им се достапни во тој процес; и поголема полициска и судска соработка на државите-членки на ЕУ со Европол, Фронтекс, Европравда и Европската канцеларија за поддршка на азиланти, заради ефикасно справување со шверцерите и трговците со мигранти.

Третиот чекор се однесува на правото на жените-бегалци при интервјуирањето во процесот на барање азил да побараат жена која ќе го спроведува интервјуто и жена-толкувач. ЕУ препорачува развојна програма за нов модул на обука за половите и родовите аспекти во политиките за азил.

Четвртиот чекор се однесува на приемот и притворот на барателите на азил во ЕУ, со повик притворот да се избегнува и да се воспостават отворени и хумани постапки за прием за барателите на азил, вклучувајќи и безбедни, достоинствени и човеково правни компатибилни третмани. Европскиот парламент апелира на развивање алтернативи за

притворот, а доколку мора да се примени, притворот да не се пролонгира непотребно, бидејќи е штетен за ранливите групи.

Петтиот чекор е поврзан со социјалната инклузија и интеграција на жените-бегалци и баратели на азил, со повик до државите-членки на ЕУ да развиваат и да имплементираат специфични мерки со кои ќе им го олеснат вклучувањето на пазарот на трудот. Мерките предвидуваат пристап до законско образование, неформално образование и културна размена, часови за учење јазик, квалитетна грижа за децата, здравствена заштита, вработување соодветно на способностите и квалификациите на жените, како и вдомување кое ќе одговори на нивните потреби (2015/2325(INI)).

**Заклучок**

Бегалската криза во Европа го покажа неуспехот на државите-членки на ЕУ да ги заштитат бегалците кои дојдоа од конфликтните региони во потрага по нов живот во Европа. Клучните акти содржани во Заедничкиот европски систем за азил не успеаја да гарантираат конзистентен и родово сензитивен третман за жените кои бараа заштита во Европа. И покрај постоењето законодавство и политики дизајнирани да функционираат признавајќи ја родовата димензија на бегалските кризи, справувањето со оваа бегалска криза имаше значајни недостатоци, главно, поради фактот дека таквите политики не беа ефективно имплементирани во практиката. Приоритет за сите држави треба да бидат похуманите политики за миграција и азил, што подразбира обезбедување безбедни премини и бегалски рути, олеснување на пристапот до азил, подобрување на условите за прием, поттикнување ефективна интеграција во државите-домаќини и обезбедување фер дистрибуција на барателите на азил. Во развивањето и спроведувањето на овие политики, особено внимание треба да се посвети на жените и на децата, а посебно на оние што се жртви на насилство. Меѓународните организации повикуваат на воспоставување координиран и одговорен систем од страна на државите што ќе овозможи нивна заштита и одговор на родово базираното насилство во бегалската криза. Неопходна е координирана акција околу споделувањето на одговорностите и акциите на сите меѓународни и национални актери поврзани со давањето одговор на кризата. Искуствата од справувањето со оваа бегалска криза во поглед на заштитата на жените-бегалци треба да биде поттик за усогласување на најдобрите практики во нивниот третман во сите етапи на бегалската криза.

**Литература**

Citizens Association for Combating Trafficking in Human Beings and All Forms of Gender-Based Violence. (2016). The Women Helping Refugees Survive Europe's Migration Crisis, Athens.

Council of Europe Parliamentary Assembly Resolution 1765 (2010) on gender-related claims for asylum.

Council of Europe, Commissioner for Human Rights. (2016). Human Rights of Refugee and Migrant Women and Girls need to be better protected, Strasbourg.

European Parliament, Committee on Women's Rights and Gender Equality. (2016). Report on the situation of women refugees and asylum seekers in the EU 2014 – 2019. 2015/2325 (INI), A8-0024/2016.

Fargues, P. (2014). Europe Must Take on its Share of the Syrian Refugee Burden, but how?, Policy Brief 2014/1, Migration Policy Centre, Florence, European University Institute.

Freedman, J. (2016). Engendering Security at the Borders of Europe: Women Migrants and the Mediterranean Crisis. *Journal of Refugee Studies*, Vol. 29, No. 4, Oxford University Press.

Hanrahan, M. (2016). Refugee Crisis: Women, Children Report Sexual Violence, Abuse on Migration Trail, Says UN, http://www.nbcnews.com.-30.01.2018.

International Organization for Migration. (2015). JOM Gender Equality Policy 2015 – 2019, Council 106th Session, C/106/inf/8/Rev.1.

Security and Tradition or Violence against Women? (2017). Istanbul Convention and the Universal Rights of Female Migrants, Copenhagen, 24. 11.2017.

UN Women – Europe and Central Asia. (2016). UN Women assesses the needs of Syrian women refugees in Serbia and FYR Macedonia, http:/-/eca.unwomen.org/en/news/stories/2016/01, Пристапено на: 30.01. 2018.

UNHCR. (2016). Risk for Women and Girls in the European Refugee and Migrant Crisis.

Women's rights and gender equality in Europe Report (2015) of the roundtable with human rights defended organized by the Office of the Council of Europe Commissioner for Human Rights, Vilnius.

Yuval- Davis Nira, (1997), Gender and Nation, Sage Publications, London, Thousand Oaks, New Delhi.